**БУГАРСКИ КУЛТУРЕН КЛУБ**

Скопје, 18 јануари 2011

ДО:

**Неговото Блаженство г-н г-н Стефан**
Поглавар на МПЦ

Ваше Блаженство,

Во божиќно интервју за медиумите сте си дозволиле да ја наречете Спаска Митрова, македонските Бугари и политички дисиденти во Република Македонија *„отпадници, предавници и изроди“*. Со оваа нехристијанска изјава Вие провлекувате длабока линија на поделба меѓу православните христијани, поткопувајќи го единството на општеството во нашата татковина.

Како лојални граѓани на нашата сакана Република Македонија, кои држат на своите бугарски корени и културно-историско наследство, ние не прифаќаме да сме *„отпадници, предавници и изроди“* во сопствената држава и категорично ги отфрламе вашите злобни навреди (кои потсетуваат на антихуманиот речник на Кју Клукс Клан и никако не придонесуваат за посакуваното меѓународно признавање на МПЦ).

Како што е познато, по распадот на Титова Југославија илјадници православни христијани од Република Македонија масовно ја возобновуваат својата бугарска етничка припадност, декларирајќи го своето бугарско потекло и приврзаноста кон бугарското културно-историско наследство на своите предци.

Вашата изјава претставува своеобразна анатема и отказ на МПЦ да се грижи за духовните потреби на нас – македонските Бугари.

Со ова отворено писмо, сакаме официјално да Ве запрашаме – ги потврдувате ли Вашите зборови, дека како македонски Бугари ние сме *„отпадници, предавници и изроди“* и дека нѐ отфрлате како редовни верници на МПЦ?

Ако навистина е така, ќе бидеме принудени да се обратиме кон меѓународно признаената Бугарска православна црква (БПЦ) и Неговата Светост Патријарх Максим со молба БПЦ да ги возобнови своите историски епархии над илјадниците македонски Бугари кои живеат на територијата на Република Македонија.

Однапред благодариме за Вашиот одговор.

Со почит,

**Лазар Младенов**
Претседател на БККС

Здружение на граѓани "Бугарски културен клуб - Скопје"
E-mail: contact@bkks.org
Интернет страница: www.bkks.org